СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работењето на ЈП"Комуналец" Кавадарци од 01.01.-31.12.2013 година , донесен на седницата на Управен Одбор на ЈП"Комуналец" Кавадарци одржана на ден 10.03.2014 година .

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07- 1933/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти**

**“Мито Хаџивасилев-Јасмин” – Кавадарци за 2013 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин” – Кавадарци за 2013 година , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.04.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2058/9** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.05.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 11 став 1 точка 6 Законот за јавните претпријатија бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/2009; 97/2010 и 6/2012), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ “ бр. 5/02), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.04.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Извештајот за редовното работење**

**на ЈП за стопанисување со спортски објекти**

**“Мито Хаџивасилев-Јасмин” – Кавадарци за 2013 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин” Кавадарци за 2013 година, донесен на седницата на Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти “Мито Хаџивасилев-Јасмин” Кавадарци на ден 27.02.2014 година .

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.07-4401/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлуката за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈП за стопанисување со спортски објекти**

**"Мито Хаџивасилев-Јасмин" – Кавадарци за 2014 година**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за усвојување на Програмата за работа и развој на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев-Јасмин" – Кавадарци за 2014 година , донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.04.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци"

**Бр.08-2058/10**
**02.05.2014 година**
**К а в а д а р ц и**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 11 точка 7 Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на РМ" бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/2009; 97/2010; и 6/2012), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ " бр. 5/02), член 82 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.04.2014 година , донесе

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Програмата за работа и развој**

**на ЈП за стопанисување со спортски објекти**

**"Мито Хаџивасилев-Јасмин" – Кавадарци за 2013 година**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа и развој на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев-Јасмин" Кавадарци за 2013 година, донесена на седницата Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџивасилев - Јасмин" Кавадарци на ден 27.02.2014 година .

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр.07-4401/10**
**30.04.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за утврдување на зони за спроведување на постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп и давање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за утврдување на зони за спроведување на постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп и давање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци, донесена на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.04.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

| | |
|---|---|
| **Бр.08-2058/11** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** |
| **02.05.2014 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **К а в а д а р ц и** | **Дипл.прав.Александар Панов** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија"бр.5/2002), а согласно Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп како и за засновање на правото на стварна службеност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2013) и член 82 став 1 точка 56 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Квадарци" бр. 08/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.04.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на зони за спроведување на постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп и давање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши утврдување на зони за спроведување на постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп и давање на право на стварна службеност на градежно земјиште сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци.

**Член 2**

Утврдувањето на зоните се врши врз основа на Уредбата за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под долготраен закуп како и за засновање на правото на стварна

службеност (“Службен весник на Република Македонија” бр. 158/2013), а согласно местоположбата на градежното земјиште, концентрацијата на комерцијални објекти и објекти од јавен интерес и пристап до истите, сообраќајна поврзаност и фрекфенција .

**Член 3**

Согласно Уредбата се утврдуваат три зони:
-централно подрачје
-вонцентрално подрачје и
-населено и вонnаселено место

**Член 4**

**I.**Зоната централно подрачје е опфатот кој е ограничен со следните улици:

-ул.”Гоце Делчев”-источна страна;
- дел од “Булевар Цветан Димов”-источна страна (од Булевар Моша Пијаде до Булевар Македонија”;
-дел од ул.”Булевар Македонија”-јужна страна (од “Булевар Цветан Димов” до ул.”Орце Николов”);
-дел од ул.”Орце Николов”-западна страна (од “Булевар Македонија” до ул.”Охридска”);
-ул.”Питу Гули”-западна страна;
-ул.”Мирче Ацев”-јужна страна;
-дел од ул.”Блажо Алексов”-западна страна ( од ул.Мирче Ацев до ул.7-ми Септември);
-дел од ул.”Браќа Џунови”-западна страна (од ул.”7-ми Септември” до ул.”Браќа Хаџи Тефови”;
-дел од ул.”Браќа Хаџи Тефови”-северна страна ( од ул.”Браќа Џунови” до ул.”Киро Спанџов”);
-дел од ул.”Киро Спанџов”-западна страна (од ул.Браќа Хаџи Тефови” до ул.”Ило Костов”);
-ул.”Ило Костов”-северна страна;
-дел од ул.”Страшо Пинџур”- западна страна( од ул.Ило Костов до спој со ул. Народен Фронт);
-ул.”Народен Фронт”- источна страна;
ул.”Пионерска” до спој со ул.”Гоце Делчев”- источна страна;

Во опфатот од дефинираниот простор од претходно наведените гранични улици, спаѓаат:

-ул.”Никола Минчев”(поранешна Едвард Кардељ)-од кружен тек до ул.” Булевар Македонија”;
-ул.”Булевар Кочо Рацин”- од кружен тек до ул.”Орце Николов”;
-ул.”Булевар Моша Пијаде”-од кружен тек до ул.”Гоце Делчев”;
-ул. “Охридска”- од ул.”Илинденска” до ул.”Орце Николов”;
-ул.”Раштани”,
-ул.”Пелагонија”,
-ул.”Горски Венец”,
-ул.”Максим Горки”,
-ул.”Партизанска”- од ул.”Илинденска” до ул.”Максим Горки”;
-ул.”Божо Димов”;
-ул.”11-ти Октомври”,
-ул.”Лазо Мицев”,
-ул.”Пано Мударов”,
-ул.”Цано Поп Ристов”,
-ул.”Зелен Пазар”,
-ул.”7-ми Септември”- од ул.”Илинденска”до ул.”Блажо Алексов”,
-Плоштад “Маршал Тито”,
-ул.”Благој Крстиќ”,
-ул.”1-ви Мај”,
-ул.”Борис Кидрич”,
-ул.”Миле В’чков”,

-ул.”Иво Лола Рибар”,
-ул.”8-ми Март”,
-ул.”Ресавска”- од ул.”Народен фронт” до ул.”Тиквешко востание(поранешна ЈНА)”,
-ул.”Тиквешко востание”(поранешна ЈНА),
-ул.”Илинденска”,
-ул.”Вано Гунов”,
-ул.”Никола Карев”,
-ул.”Диме Атанасов”,
-ул.”Тиквешка”,
-ул.”Добри Даскалов”,
-ул.”Марксова”,
-ул.”Кожув”,
-ул.”Браќа Досеви”,
-ул.”Данчо Поп Атанасов”,
-ул.”Климент Охридски”,
-ул.”Фердо Росомански”,
-ул.”Кукушка”,
-ул.”Битолска”,
-ул.”Мито Хаџи Василев Јасмин”,
-ул.”Јадранска”,
-ул.”8-ми Септември”(поранешна “29-ти Ноември) -од ул.”Гоце Делчев” до ул.” Пано Мударов”,
-ул.”Прилепска” - од ул.”Гоце Делчев” до ул.”Пано Мударов”
-ул.”Прилепска”- слеп крак
-ул.”Крушевска”
-ул.”Солунска Глава”,
-ул.”Трајче Мукаетов”(поранешна “Енгелсова”),
-ул.”Егејска”,
-ул.”4-ти Јули”,
-ул.”Народна Младина”,
-ул.”Љубашка”,
-ул.”Пелистерска”
-ул. “2-ра Бригада”

**II**.Зоната вонцентрално подрачје ги опфаќа: сите други улици во градот, вклучително Ваташа и Глишиќ;

**III**.Зоната населено и вонаселено место ги опфаќа:населените и вонаселените места - села кои согласно територијалната поделба припаѓаат на Општина Кавадарци.

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука е графички приказ.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”

**Бр.07- 1933/11**
**30.04.2014 година**
**Кавадарци**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**М-р Горица Пеливанова Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП за стопанисување со спротски објекти „ Мито Хаџи Василев- Јасмин" Кавадарци со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП за стопанисување со спротски објекти „ Мито Хаџи, со Заклучок донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.04.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2058/12** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.05.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.05/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавдадарци"бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.04.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства на ЈП за стопанисување со спортски објекти "Мито Хаџи Василев-Јасмин" Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во износ од 300.000 денари на Јавното претпријатие за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџи Василев-Јасмин" Кавадарци од Буџетот на Општина Кавадарци 2014, со намена за тековни трошоци.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година и ке бидат префрлени на жиро сметка на јавното претпријатие.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.07-1933/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова – Вилхелм**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), расправајки по Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџи Василев-Јасмин" Кавадарци Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.04.2014 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Исплатата на финансиските средства по Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈП за стопанисување со спортски објекти"Мито Хаџи Василев-Јасмин" Кавадарци , ке се реализира по конечно завршување на постапката за избор на Преседател на Република Македонија и предвремени парламентарни избори за избор на пратеници во парламентот на Република Македонија .

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр. 07-1933/12/2** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на согласност на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес со Заклучок , донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.04.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2058/13** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.05.2014 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** — **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), а во врска член 11 став 1 точка 4 од Законот за јавните претпријатија (“ Сл.весник на РМ” бр.38/96; 6/02; 40/03; 49/06; 22/07; 83/2009; 97/2010; 6/2012, 119/13 и 41/2014) и член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на општина Кавадарци” бр. 8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.04.2014 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање на согласност на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес**

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-410/3 од 29.04.2014 година донесена на Управен Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен Гласник на Општина Кавадарци” .

**Бр.07- 1933/13** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** — **Претседател,**
**Кавадарци** — **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-410/3 од 29.04.2014 година донесена на Управен Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.04.2014 година , го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

1. Одлуката за донација на материјали и услуги за остварување на проект од јавен интерес бр.02-410/3 од 29.04.2014 година донесена на Управен Одбор на ЈП”Комуналец” Кавадарци, ке се реализира по завршување на постапката за избор на Преседател на Република Македонија и предвремени парламентарни избори за избор на пратеници во парламентот на Република Македонија .

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр. 07-1933/13/2** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година (Меѓународен фестивал на детски и младински хорови) со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година (Меѓународен фестивал на детски и младински хорови) со Заклучок, донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.04.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-2058/14** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.05.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци("Сл.гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.04.2014 година , донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година (Меѓународен фестивал на детски и младински хорови)**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци доделува финансиски средства во вкупен износ од 30.000 денари за организација на Меѓународниот фестивал на детски и младински хорови кој ке се одржи од 24.05-25.05.2014 година.

**Член 2**

Финансиските средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година –Трансфери до Здруженија и граѓани и фондации Конто-463.190 , Програма ГА, на Меѓународен Фестивал на детски и младински хорови Кавадарци на следната,

жиро сметка – 200002450584033.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07- 1933/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова Вилхелм**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година(Меѓународен фестивал на детски и младински хорови), Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.04.2014 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Исплатата на финансиските средства по Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година(Меѓународен фестивал на детски и младински хорови), ке се реализира по конечно завршување на постапката за избор на Преседател на Република Македонија и предвремени парламентарни избори за избор на пратеници во парламентот на Република Македонија .

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр. 07-1933/14/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци” бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година со Заклучок**

1. СЕ ОБЈАВУВА Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година со Заклучок, донесени на седницата на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 30.04.2014 година.

2. Решението влегува со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08-2058/15** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**02.05.2014 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К а в а д а р ц и** **Дипл.прав.Александар Панов**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.05/2002) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Службен гласник на Општина Кавдадарци”бр.8/2005), Советот на општина Кавадарци на седницата одржана на ден 30.04.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства на Аметов Асан со стан на ул”Методи Џунов Џикот” бр.153 од Кавадарци во износ од 30.000,00 денари , со намена за помош на семејството на донатор на орган.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година и ке бидат префрлени на следната жиро сметка:

300007059622012 – Комерцијална банка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.07- 1933/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** **Претседател,**
**Кавадарци** **М-р Горица Пеливанова - Вилхелм**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02) и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година, Советот на Општина Кавадарци на Седницата одржана на ден 30.04.2014 година , го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Исплатата на финансиските средства по Одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2014 година, ке се реализира по конечно завршување на постапката за избор на Пресседател на Република Македонија и предвремени парламентарни избори за избор на пратеници во парламентот на Република Македонија .

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесување , а ке се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци .

**Бр. 07-1933/15/2** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**30.04.2014 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **М-р Горица Пеливанова-Вилхелм**

Врз основа на член 17-б точка 1 и 4 од Законот за државните службеници ("Службен весник на РепубликаМакедонија" бр. 59/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 06/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 6/12, 24/12, 15/13, 82/13 и 106/13), член 50 став 1 точка 14 од Законот за Локална Самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02 година) и член 113 став 1 точка 14 од статутот на Општина Кавадарци ("Службен гласник на Општина Кавадарци" бр.08/05 година), Градоначалникот на Општина Кавадарци, на ден 24.04.2014 година, донесе

# ЕТИЧКИ КОДЕКС
# ЗА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

## Општа одредба

### Член 1

(1) Со овој кодекс се уредува начинот на однесувањето и работењето на државните службеници, со цел да се обезбеди примена и почитување на принципите на законитост, професионален интегритет, ефикасност, ефективност и посветеност при вршењето на нивните службени должности.

(2) Државниот службеник се придржува кон одредбите на овој кодекс.

(3) За постапување спротивно на одредбите утврдени со овој кодекс, државниот службеник одговара дисциплински.

## Основни принципи

### Член 2

(1) Државниот службеник ја извршува службената должност во согласност со Уставот, закони меѓународните договори ратификувани во согласност Уставот.

(2) При вршењето на работите, државниот службеник го остварува исклучиво јавниот интерес.

(3) Државниот службеник постапува еднакво со физичките и правните лица при вршењето на службената должност.

(4) Државниотслужбеник ги извршува работите на високо професионално ниво, кое постојано го надградува.

(5) Државниот службеник работите ги врши совесно, едноставно, ефикасно и
ефективно, навремено и во интерес на физичките и правните лица.

(6) Државниот службеник води сметка, остварувањето на правата на физичките и
правните лица да не биде на штета на други странки, ниту во спротивност со јавните интереси утврдени со закон.

(7) Државниот службеник нема да се ангажира во какви било активности што се
спротивни на правилното вршење на неговите службени должности и ќе стори сé, да ги избегне ситуациите и однесувањата што можатда наштетат на интересот или угледот на органот во кој е вработен или на државната администрација во целина.

(8) При контактите со физичките и правните лица, државниот службеник се однесува на начин кој овозможува да се воспостават односи на заемна доверба и соработка.

(9) Во односите со физичките и правните лица, државниот службеник покажува разбирање, љубезност, пристојност и најголема можна волја да помогне, притоа не попречувајќи го остварувањето на нивните права и интереси.

(10) Државниот службеник, кога ја остварува својата службена должност, во непосреден контакт со физички и правни лица, се однесува одговорно, внимателно, љубезно, смирено, општи и соопштува информации на едноставен и разбирлив јазик, одговара на поставени прашања, прима поднесоци и укажува на можните нивни недостатоци, и ги упатува каде ќе ги остварат своите права и интереси).

Непристрасност

Член 3

(1) Државниот службеник при извршувањето на службените задачи нема да се раководи од пристрасност за остварување на определени резултати.

(2)Придонесувањето на конкретни одлуки и при решавањето за правата и интересите на физичките и правните лица, државниот службеник нема да се раководи од погрешна, неправилна или неразумна оцена на фактичката ситуација заради предрасуди, остварување на неговите желби за напредување во кариерата, конфликт на интереси, заплашеност или закани од претпоставените државни службеници, функционерот кој раководи со органот во кој е вработен државниот службеник или лицата кои се засегнати со одлуката или решението.

(3) Привршењето на службената должност, државниот службеник еднакво постапува софизичките и правните лица кои доаѓаат во контакт со органот во кој тој е вработен. За таа цел, тој нема да одбие да даде услуга на едно лице која редовно им се дава на други лица,

ниту ќе му даде услуга на едно лице која редовно не им се дава на други лица.

(4) Државниот службеник не предизвикува со намера штета на физички и правни лица. Напротив, тој обезбедува остварување на нивните права и интереси.

Самостојност во решавањето

Член 4

(1) Државниот службеник самостојно донесува одлуки засновани на објективно утврдување на факти и околности и врз основа на така утврдени факти и околност и врши примена на законите и прописите во конкретен случај.

(2) Државниот службеник се придржува и ја применува соодветната постапка при вршењето на службените задачи од негова надлежност, при што особено треба да одбие секаков притисок во вршењето на неговите службени задачи, вклучувајќи го и притисокот кој се врши од страна на неговите претпоставени раководители.

Злоупотреба на овластувањата и статусот на државен службеник

Член 5

(1) Државниот службеник не ги користи предностите што произлегуваат од неговиот статус на државен службеник, ниту информациите со кои се стекнал при извршување на неговатаслужбенадолжностзаради остварување на негова лична корист. Државниот службеник избегнува секаков конфликт на интереси, како иситуациите кои би можеле да доведат до сомневање за постоење конфликт на интереси.

(2) Државниот службеник не нуди, ниту пак да обезбедув а било какви предности, кои по било кој основ би биле поврзани со неговиот статус во државната администрација.

(3) Државниот службеник свесно и со намера не ја доведува во заблуда јавноста или другите државни службеници.

(4) Државниотслужбеник одбива да постапува спротивно на закон, како и на начин кој претставува можност за злоупотреба на неговиот статус, ако физичките и правните лица за чии права и должност и решава побараат од него тоа да го направи.

Пријавување

Член 6

(1) Државниот службеникподнесува пријава до надлежен орган утврден со закон кога смета дека од него се бара да постапи спротивно на одредбите од овој кодекс.

(2) Државниотслужбеник го известува органот од став (1) на овој член, и кога смета дека постои повреда на одредбите на ово кодекс од страна на други државни службеници.

(3) Државниот службеник е должен да пријави, до надлежните органи, секое сомнение или постоење на докази за незаконско или противправно работење поврзано со државната служба.

(4) Државниот службеник кој пријавил сомнение или докази од став (3) на овој член, врз реална и разумна основа, како и со чесни намери, не може да биде повикан на одговорност за извршенот опријавување.

Транспарентностнаинформациите

Член 7

(1) Државниотслужбеник, ја обезбедува потребната тајност и соодветната заштита за информацијата што ја дознал како причина на неговата положба во државната администрација.

(2) Државниот службеник ќе го олесни пристапот на физичките и правните лица до информациите треба да ги добијат заради остварување на нивните права и интереси како и ќе им даде можност да дадат оценка за квалитетот на добиената услуга.

(3) Државниот службеник нема да одбие да даде податоци или информации на физичките и правните лица, доколку давањето на податоците е пропишано со закон.

Политичка активност

Член 8

(1)Државниот службеник ги извршува службени должности и зацртаната политика на органот во кој е вработен на политички неутрален начин, не навлегувајќи во вредносно преиспитување на политичката исправноста на зацртаната политика.

(2) Државниот службеник нема да го застапува или изразува своето политичко
уверување во вршењето на службените задачи.

(3) Државниот службеник нема да врши политичка активност со која може да се поткопа довербата на граѓаните во неговата способност да ги извршува службените должност и на непристрасен и објективен начин.

(4) Државниот службеник во односите со физичките и правните лица, како и во односите со другите државнислужбеници, нема да ја споменува, истакнува или посредно да ја стави до знаење неговата припадност кон одредена политичка партија.

(5) Државниотслужбеник, нема да презема активности со кои ќе ги обврзе другите државни службеници, или лица без статусна државен

службеник во органот во кој тој е вработен, да се придружат кон одредена политичка партија, ниту ќе гип оттикне да го сторат тоа ветувајќи им напредок во кариерата.

Конфликтнаинтереси

Член 9

(1) Државниот службеник при извршување на службените задачи, ги почитува принципите за спречување на судир на интереси.

(2) Државниот службеник нема да дозволи да дојде до конфликт на неговиот личен финансиски интерес со јавниот интерес, кој интерес произлегува од неговиот статус на државен службеник.

(3) Финансискиот интерес, вклучува било каква корист за државниот службеник, за неговото семејство, роднините, пријателите, за физички и правни лица со кои има или markedимал деловни врски.

(4) Државниот службеник, нема да прифати соработка, физички и/или правни лица кои имаат, или имале економски интерес од одлуките или активностите на органот во кој тој бил вработен во последните три години.

Подароци и друг вид корист

Член 10

(1) Државниот службеник, не бара, ниту да прима, за себе или за други лица, подароци, услуги, помош или друга корист, од било кое лице, која корист би можела да влијае, или да се смета дека ќе може да влијае на донесување на одлуки во негова надлежност, и со кои дејствија може да се доведе во прашање професионалното извршување на доверената службена работа.

(2) Државниот службеник не прима подарок или благодарностшто би можеле да се сметааткако награда за извршена работа која преставува и е дел од негова службена должност.

Заштита и економично користење на државните средства

Член 11

(1) Државниот службеник ги вложува сите напори за да обезбеди максимално ефективно, ефикасно и економично управување и користење на материјалните средства,опремата и предметите што му се доверени во вршењето на службената должност.

(2)Државниот службеник презема соодветни мерки за осигурување на безбедноста на доверените предмети и отстранување на можностите за предизвикување на материјална штета во органот во кој е вработен.

Однесување во службата

Член 12

(1) Државниот службеник, освен од оправдани причини, нема да го одлага или да го доверува,на други државни службеници вршењето на неговата службена должност или донесувањето одлуки кои се негова одговорност, пришто ќе се почитува хронолошкиот ред на приемот на поднесените барања.

(2) Државниот службеник нема да одбие вршење на службени задачи од работното место на кое е распореден, ниту да одбие наредби на непосредно претпоставениот државен службеник, освен во случаи пропишани со закон.

(3) Почитувајќи го работното време, државниотслужбеник, посветува соодветно време и енергија на извршувањето на службената должност и ги сведува на минимум отсуствата од своето работно место, освен во случај на неопходност.

(4) Државниот службеник нема да ги користи за приватни цели предметите или опремата кои му се доверени на располагање за остварување на службените цели. Освен во случаи на крајна нужда, државниот службеник, нема да ги користи службените телефони или информатичката опрема за лични потреби, како и нема да превезува лица со службено возило, а кои лица не се вработени во државната служба.

(5) Државниот службеник пристојно ќе се однесува кон другите државни службеници, како и кон другите вработени во органите на државната служба.

(6) Државниот службеник посветува соодветно внимание на начинот на неговото облекување, со цел, да не предизвика впечаток на непристојност или нарушување на угледот на органот во кој е вработен.

Однесување во приватниот живот

Член 13

(1) Државниот службеник ќе избегнува активност и однесување во приватниот живот со кои може да се намали довербата на јавноста во државната служба.

(2) Државниот службеник ќе избегнува дејства или активности кои се во конфликт со законските или етичките норми и кои би можеле да бидат причина за негова лична уцена во врска со вршењето на службените задачи.

Односи со јавноста

Член 14

(1)Државниот службеник во остварувањето на службената должност секогаш е отворен за комуникација со јавноста.

(2) Државниот службеник ќе се воздржува од давање јавни изјави што се штетни за угледот на органот во кој е вработен или на државната служба во целина, притоа без да се наруши остварувањето на неговото право на јавно изразување на мислење.

(3) Во комуникацијата со јавноста државниот службеник користи јасен и разбирлив јазик.

Завршна одредба

Член 15

Овој кодекс влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Кавадарци.

Градоначалник,
дипл.прав. Александар Панов, с.р.